РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-35/4
23.03.2023 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-35/1 од 10.01.2023 година за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2-Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија на дел од к.п.бр.4591/6, дел од к.п.бр.4591/2, дел од к.п.бр.290, дел од к.п.бр.291 и дел од к.п.бр.122/70, К.О. Псача, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2-Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија на дел од к.п.бр.4591/6, дел од к.п.бр.4591/2, дел од к.п.бр.290, дел од к.п.бр.291 и дел од к.п.бр.122/70, К.О. Псача, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2-Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија на дел од к.п.бр.4591/6, дел од к.п.бр.4591/2, дел од к.п.бр.290, дел од к.п.бр.291 и дел од к.п.бр.122/70, К.О. Псача, Општина Ранковце со тех.број 01-01/2023 од јануари 2023 година, изработена од Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги „ЕВРО ДЕКОР" ДОО Кочани. врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 101.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-35/1 од 10.01.2023 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2-Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија на дел од к.п.бр.4591/6, дел од к.п.бр.4591/2, дел од к.п.бр.290, дел од к.п.бр.291 и дел од к.п.бр.122/70, К.О. Псача, Општина Ранковце со тех. број 01-01/2023 од јануари 2023 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно заверено на нотар Весна Митровска од Крива Паланка под број УЗП 6833/2022 од 16.08.2022 година.

2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2-Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија на дел од к.п.бр.4591/6, дел од к.п.бр.4591/2, дел од к.п.бр.290, дел од к.п.бр.291 и дел од к.п.бр.122/70, К.О. Псача, Општина Ранковце;
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-21-132/5 од 02.09.2022 година, изработен од Друштво за геодетски работи „ГЕО-МЕГА" ДООЕЛ Куманово.
4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-47/2022 од 02.09.2022 година.
5. Услови за планирање на просторот со тех.број Y45822 од октомври 2022 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 2097/2022 од 09.11.2022 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2023.03.23 13:13:19 +01'00'

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2023.03.23 13:14:13 +01'00'